Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Сектор за уредување на просторот

27 Март 2024 година

Архивски број : 67-773/11

Предмет: Известување за јавен увид на **Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План за уредување на земјиште со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани, со капацитет поголем од 1MW за формирање на ГП1 на дел од КП 583/2, КО Таринци, општина Карбинци**

Почитувани,

Во врска со член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), Министерството за транспорт и врски го става на увид на јавноста **Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План за уредување на земјиште со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани, со капацитет поголем од 1MW за формирање на ГП1 на дел од КП 583/2, КО Таринци, општина Карбинци**. Јавниот увид ќе трае 15 дена односно од 28.03.2024 до 11.04.2024 година.

Во наведениот рок јавноста има можност да достави свои забелешки во однос на урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план на адресата на министерството за транспорт и врски „Плоштад Црвена Скопска општина" бр.4, 1000, Скопје како и на е-адресата:

- aleksandar.karangelov@mtc.gov.mk
- vesna.markovska@mtc.gov.mk

Пристигнатите забелешки ги разгледува комисијата за урбанизам од членот 38 од Законот за урбанистичко планирање, која составува записник со образложенија за прифатените и неприфатените забелешки, што се објавува на службената веб страна на министерството.

Со почит,
Александар Карангелов, диа
Помошник Раководител на Сектор за уредување на просторот:

Изработил: Њомза Идризи – Нагавци , миа


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Плоштад Црвена Скопска општина" бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk